Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за дигитална трансформација
Ministria e transformimit dixhital
Бр. - Nr 10-1343/1
09.06.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

Врз основа на член 37 став (6) од Законот за безбедност на мрежни и информациски системи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25), министерот за дигитална трансформација донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ ВО РАМКИТЕ НА СУШТИНСКИТЕ СУБЈЕКТИ И ВАЖНИТЕ СУБЈЕКТИ И КАДЕ ШТО Е РЕЛЕВАНТНО И СО НИВНИТЕ ДОБАВУВАЧИ ИЛИ ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ

## Предмет
## Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на доброволна размена на информации за сајбер безбедноста, вклучително и информации во врска со сајбер закани, избегнати инциденти, ранливости, техники и процедури, индикатори за загрозеност, непријателски тактики, информации за субјектот на заканата, сајбер безбедносни предупредувања и препораки за конфигурацијата на сајбер безбедносните алатки за откривање сајбер напади во рамките на суштинските субјекти и важните субјекти и каде што е релевантно и со нивните добавувачи или даватели на услуги.

## Размена на податоците
## Член 2

(1) Доброволната размена на информации за сајбер безбедноста, вклучително и информации во врска со сајбер закани, избегнати инциденти, ранливости, техники и процедури, индикатори за загрозеност, непријателски тактики, информации за субјектот на заканата, сајбер безбедносни предупредувања и препораки за конфигурацијата на сајбер безбедносните алатки за откривање сајбер напади во рамките на суштинските субјекти и важните субјекти и каде што е релевантно и со нивните добавувачи или даватели на услуги се врши:

- во хартиена форма, непосредно или преку препорачана пошта или
- во електронска форма, преку системот за интероперабилност, електронскиот портал за сајбер безбедност, електронски систем за размена на податоци или електронски медиум за пренос на податоци.

(2) Размената на информациите во електронска форма се врши преку воспоставени ИКТ алатки кои ги исполнуваат стандардите за безбедна размена на податоци и информации.

(3) За започнување на размена на информации, како и за начинот на размена на информации согласно ставот (1) на овој член институциите задолжително го известуваат Министерството за дигитална трансформација.

**Влегување во сила**

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на веб страната на Министерството за дигитална трансформација.

Бр. 10-134511
09.06 година 2026
Скопје

**Министер за дигитална трансформација,**
Стефан Андоновски